( Образец ПП......)

**До: _Општина___**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
# ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted], [redacted], [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
______________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер

1. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска или логистичка поддршка на **Локалниот младински совет** во општината во 2022 година? ( Да се наведат поединечните износи)

2. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Локалното собрание на млади** во 2022 година? ( Да се наведат поединечните износи)

3. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за донесување и усвојување на **локалната стратегија за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

4. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за реализација на активностите предвидени во **локалната стратегија за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

5. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Канцеларијата за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

6. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Младинскиот центар** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

7. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Службеникот за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

(опис на информацијата која се бара)

Датум: 19.04.2023

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 09-474/1 , 13.04.2023 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 13.04.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со локалниот младински совет и службеникот за млади во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со локалниот младински совет и службеникот за млади во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 13.04.2023 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 13.04.2023 година под архивски број 09-474/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 19.04.2023 година, под бр. 09-474/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

______________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Во 2022 година општината немаше обезбедено износ за административна, финансиска и логистичка подршка на Локалниот младински совет.

2. Во 2022 година општината немаше обезбедено износ за административна, финансиска и логистичка подршка за потребите на Локалното собрание за млади.

3. За донесување и усвојување на локалната стратегија за млади во 2022 година, немаше издвоено финансиски средства.

4. Во 2022 година немаше издвоено финансиски средтсва, а и не беа предвидени активности во локалната стратегија за млади.

5. Во 2022 година општината немаше обезбедено износ за административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Канцеларијата за млади.

6. Во 2022 година општината немаше обезбедено износ за административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Младинскиот центар.

7. Во 2022 година општината немаше обезбедено износ за административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Службеникот за млади.

НАПОМЕНА: Општина Демир Хисар на својата интернет страница објави јавен повик за членство во локалниот совет за млади, на кој се пријавија повеќе млади од општината. Во подготовока е состанок на иницијативниот одбор кој ќе резултира со избор на младински локален совет. Потоа за скоро ќе се интензивираат активностите кои се обврска на општината во оваа област.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

----------------------------------------------